20252004023

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 27 став (6) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот на образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ЗА ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практично образование (во натамошниот текст: Регистарот).

Член 2

Регистарот се води во електронска форма од страна на коморите, за работодавачите кои го поминале процесот на верификација.

Член 3

Регистарот ги содржи особено следниве податоци за секој верифициран работодавач:

- назив на работодавачот,
- седиште/адреса, општина,
- матичен број на субјектот,
- единствен даночен број,
- контакт податоци (телефон и електронска пошта),
- дејност според Националната класификација на дејности,
- образовни квалификации за кои работодавачот нуди практично образование и
- број и датум на решение за верификација на работодавач за реализација на практично образование.

Член 4

Работодавачите се запишуваат во Регистарот на соодветната комора со поднесување на пријава која се објавува на интернет страницата на коморите и Решение за верификација на работодавач за реализација на практично образование на ученици.

Член 5

Регистарот се ажурира редовно врз основа на донесените решенија за верификација или решенија за поништување на верификацијата од страна на коморите.

Барање за ажурирање на своите податоци во Регистарот можат да поднесат и работодавачите до комората.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот за верификација на работодавачите за практична обука на учениците („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/08).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-12537/2 | Министер за образование |
| 25 септември 2025 година | и наука, |
| Скопје | проф. д-р **Весна Јаневска**, с. р. |